Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-
Republika e Maqedonisë së Veriut
Бр- No-Nr. 14- 343/16
30.07.2025 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

...ско друштво за производство услуги и трговија ...
...во 93 ДЕ-НИ КОМПАНИ Тони Златески увоз-извоз ...
Бр. 0507/4-17
31.07 2025 год.
Прилеп

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**За јавна набавка на канцелариски мебел за потребите на општина Шуто Оризари по спроведена постапка за набавка од мала вредност со евидентен бр. на ECJH 12059/2025**

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Општина Шуто Оризари ,** со седиште на адреса на **ул.„Хаџи Јован Шишко“ бр.36,Скопје РСМ**, застапувана од Градоначалникот **Курто Дудуш** (во понатамошниот текст**: Договорен Орган**)

**и**

2. **Трговско друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Тони Златески 93 ДЕ-НИ-КОМПАНИ увоз-извоз Прилеп ДООЕЛ** со седиште на ул.Октомврска бр. 1/1, Прилеп, со ЕДБ **4021993111696** и ЕМБ **4736915** застапувано од одговорното лице **Тони Златески** (во понатамошниот текст: **Носител на набавката )**

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Член 1**

Предмет на договорот е **јавна набавка на канцелариски мебел за потребите на општина Шуто Оризари** по спроведена **постапка за набавка од мала вредност** со евидентен број на оглас на **ECJH 12059/2025** и донесена **Одлуката за избор на најповолен понудувач** со арх.бр. **14-343/12** од **15.07.2025** година**.**

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Член 2**

Договорот е вредносно ограничен на максимален износ до **368.600,00** денари без ДДВ или **434.948,00** денари со ДДВ. Вкупното ДДВ изнесува **66.348,00** денари.
Единечните цени на стоките се содржани во образецот на понуда од избраниот понудувач како составен дел на овој договор.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Член 3**

Договорот за јавна набавка се склучува за период од **3 (три)** месеци сметано од денот на склучување на договорот односно од _____**.2025 година** до _____**.2025** година или до исцрпување на средствата во зависност од тоа што прво ќе настапи.

## ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА

**Член 4**

Носителот на набавката се обрзува предметот на договорот да го испорача еднократно по склучување на договорот за јавна набавка.

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на набавка во рок од **10 (десет) работни дена** по прием на електронско барање за постапување во просториите на договорниот орган.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 5**

Двете договорни страни се обврзаа плаќањето да биде на одложено со валута од **60 дена** од прием на фактура за испорачани стоки во архивата на договорниот орган.

Плаќањето ќе се врши врз основа на доставена фактура од страна на доставувачот .

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница за прием на стоките.

Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот, рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА ( корекција на цени )

**Член 6**

Носителот на набавката за цело времетраење на договорот за јавна набавка нема право на промена на цените на стоките од техничката спецификација, односно цените искажани во член 2 , поточно во образецот на понуда кој е составен дел на овој договор ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 7**

Квалитативен и квантитативен прием на стоките - **јавна набавка на канцелариски мебел за потребите на општина Шуто Оризари** од член 2 од овој Договор врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

**Член 8**

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока/и.

Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола и гаранција на квалитетот со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција.

## НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА СТОКАТА/ИТЕ

**Член 9**

Примопредавањето на стоката/те се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и превземањето на стоката/те.

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да му ја предаде стоката/те на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договорот.

Носителот на набавката ја извршил обврската за предавање на Договорниот орган, по правило, кога стоката/те ќе му ја врачи или ќе му предаде исправа со која стоката/те ќе може да се преземе.

**Член 11**

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) дали стоката/те е испорачана во рокот кој е договорен;

2) дали квантитетот и квалитетот на испорачаната стока/и одговара на договорениот квантитет и квалитет, односно, кои стоки ќе треба да се заменета, поправат и во кој рок тоа треба да се стори;

**Член 12**

Записникот за примопредавање го потпишуваат двете договорни страни.

Од денот на составувањето и потпишувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

**ВИША СИЛА**

**Член 13**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор/рамковна спогодба до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила договор може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 14**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

**Член 15**

Доколку двете договорни страни не договор обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**Член 16**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 17**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 2 дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 18**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 19**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна

страна нема да ја исполни својата обврска од договор, другата страна може да го раскине договор и да бара надомест на штетата.

**Член 20**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договор , должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 21**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 22**

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 23**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 29**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 30**

Овој договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорен орган**

**ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

Градоначалник

**Курто Дудуш**

---

**Носител на набавката**

**Трговско друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Тони Златески 93 ДЕ-НИ-КОМПАНИ увоз-извоз Прилеп ДООЕЛ**

**Управител,**

**Тони Златески**

---